АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-3928/3
13.12. 2019 год. viti
Скопје-Shkup

Друштво за управување со имоти
ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ СЕРВИЦЕС ДООЕЛ
Бр. 03-1207
16.12. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 12.11.2019 година, на ден 13.12.2019 година се склучува

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на работи

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43 - Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за управување со имоти ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје,** со седиште на Филип Втори Македонски бр.3-Скопје, застапувано од Управител Кире Конев (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на работи – Реконструкција, санација и адаптација на објект (простории) во Центар за вработување Берово за потребите на Агенцијата за вработување на Република Северна Макдонија, согласно предмерот - техничките спецификации содржани во тендерската документација за поедноставена отворена постапка по Оглас бр.10350/2019.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Единечните цени за секоја позиција од договорените работи се дадени во конечната понуда на Носителот на набавката од 27.11.2019 година (заведена под Наш Арх.бр.05-3928/1 од 27.11.2019 година), која е составен дел на овој Договор:

| Реден број | Опис на работите | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4*5) | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | **ГРАДЕЖНО И ГРАДЕЖНИ ЗАНАТСКИ РАБОТИ** | | | | | |
| 1 | **Припремни работи** | | | | | |
| 1.1 | Поставување информативна табла за означување градилиште | паушал | 1,00 | 7,988.38 | 7,988.38 | 1,437.91 |
| 1.2 | Оградување градилиште со лимена ограда и обезбедување на влезот со настрешница | паушал | 1,00 | 26,635.55 | 26,635.55 | 4,794.40 |
| 2 | **ДЕМОНТАЖНИ РАБОТИ** | | | | | |
| 2.1 | Демонтажа на стар кровен покривач изработен со салонитни табли прицврстен на штрафни 5/8и нивно складирање во дворно место | м2 | 270.00 | 84.62 | 22,847.40 | 4,112.53 |
| 2.2 | Демонтажа на хоризонтални и вертикални олуци комплет со сит носиви елементи и складирање во дворно место | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1 | Хоризонтални | м | 65.00 | 39.49 | 2,566.85 | 462.03 |
| 2.2.2 | Вертикални | м | 30.00 | 39.49 | 1,184.70 | 213.25 |
| 2.2.3 | Лимени банци | м | 40.00 | 39.49 | 1,579.60 | 284.33 |
| 2.3 | Демонтажа на громобранска инсталација и складирање во дворно место и монтажа на нова | м | 77.00 | 203.09 | 15,637.93 | 2,814.83 |
| 2.4 | Демонтажа на дрвени прозорци и врати | | | | | |
| 2.4.1 | Прозори дим 295/145 | ком | 18.00 | 338.49 | 6,092.82 | 1,096.71 |
| 2.4.2 | Прозори 75/62 | ком | 4.00 | 338.49 | 1,353.96 | 243.71 |
| 2.4.3 | вл.портал 375/280 | ком | 1.00 | 620.56 | 620.56 | 111.70 |
| 2.4.4 | степениште 280/410 | ком | 1.00 | 564.15 | 564.15 | 101.55 |
| 2.4.5 | врати 90/205 | ком | 10.00 | 338.49 | 3,384.90 | 609.28 |
| 2.4.6 | врати 60/205 | ком | 4.00 | 338.49 | 1,353.96 | 243.71 |
| 2.5 | Демонтажа на стреа изработена од дрвена ламперија и складирање во дворно место | м2 | 35.24 | 135.40 | 4,771.50 | 858.87 |
| 2.6 | Демонтажа на стар паркет и негово складирање во дворно место | м2 | 35.53 | 135.40 | 4,810.76 | 865.94 |
| 2.7 | Демонтажа на експанзивен сад од старо парно – цистерна | паушал | 1.00 | 2,256.60 | 2,256.60 | 406.19 |
| 2.8 | Рушење на преградни ѕидови изработени од керамички блок д=12цм комплет со малтер и керамички плочки со изнесување на шут во дворно место | м3 | 3.80 | 1,128.30 | 4,287.54 | 771.76 |
| 2.9 | Демонтажа на водоводна и одводна инсталација комплет со санитарија и санитарни чворови | паушал | 1,00 | 1,128.30 | 1,128.30 | 203.09 |
| 2.10 | Демонтажа на електирчна инсталација и галантерија во санитарни чворови | паушал | 1,00 | 1,128.30 | 1,128.30 | 203.09 |
| **3** | **ЅИДАРСКИ РАБОТИ** | | | | | |
| 3.1 | Ѕидање ѕидови со сипорекс блок д=10цм лепен со лепак за таа намена | м2 | 44,79 | 1,083.17 | 48,515.18 | 8,732.73 |
| 3.2 | Ѕидање ѕид со керамички блок д=16 цм во санитарни чворови | м2 | 15,96 | 1,196.00 | 19,088.16 | 3,435.87 |
| 3.3 | Малтерисуваање ѕидови со цемент малтер 1 и 2 слој | м2 | 67,28 | 406.19 | 27,328.46 | 4,919.12 |
| 3.4 | Крпење шпалетни на прозори после монтажа на нови ПВЦ прозори од внатре и надвор со цем.мактер комплет со оформување на ивици со алуминиумски ќош лајсни | м | 230,40 | 203.09 | 46,791.94 | 8,422.55 |
| 3.5 | Изработка на хидроизолација со санитарни чворови на ѕид и под во три слоја | м2 | 40,60 | 338.49 | 13,742.69 | 2,473.68 |
| **4** | **БРАВАРСКИ РАБОТИ** | | | | | |
| 4.1. | Набавка ,транспорт и монтажа на фасадна столарија од ПВЦ петкоморни профили со бела боја застаклени со стакло флот 4+16+4мм комплет со шарки ,брави отварање према шема на столарија | | | | | |
| 4.1.1 | Троклирен прозор дим 290/140 | ком | 10,00 | 19,970.94 | 199,709.40 | 35,947.69 |
| 4.1.2 | Троклирен прозор дим 250/140 | ком | 1,00 | 18,275.49 | 18,275.49 | 3,289.59 |
| 4.1.3 | Троклирен прозор дим 65/65 | ком | 4,00 | 5,190.19 | 20,760.76 | 3,736.94 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.4 | Троклирен прозор дим 235/140 | ком | 1,00 | 17,827.17 | 17,827.17 | 3,208.89 |
| 4.1.5 | Скалишен светларник 280/410 | ком | 1,00 | 37,741.69 | 37,741.69 | 6,793.50 |
| 4.1.6 | Прозор 150/140 | ком | 1,00 | 14,047.35 | 14,047.35 | 2,528.52 |
| 4.1.7 | Врата со исполна 100/210 | ком | 1,00 | 9,929.05 | 9,929.05 | 1,787.23 |
| 4.1.8 | Врата со исполна 150/280 | ком | 1,00 | 22,272.68 | 22,272.68 | 4,009.08 |
| 4.1.9 | врати 90/205 | ком | 10,00 | 9,026.41 | 90,264.10 | 16,247.54 |
| 4.1.10 | врати 60/205 | ком | 4,00 | 9,026.41 | 36,105.64 | 6,499.02 |
| 4.1.11 | Влезен портал 375/280 | ком | 1,00 | 36,331.31 | 36,331.31 | 6,539.64 |
| 4.1.12 | Прозорец со врата (дим на врата. 195/100) | ком | 1,00 | 22,566.04 | 22,566.04 | 4,061.89 |
| **5** | **СТОЛАРСКИ РАБОТИ** | | | | | |
| 5.1 | Шлајфување ,китирање и боење на дрвени врати комплет крило и каса | м2 | 39,00 | 270.79 | 10,560.81 | 1,900.95 |
| **6** | **КЕРАМИЧАРСКИ РАБОТИ** | | | | | |
| 6.1 | Набавка,транспорт и вградување на ѕидни керамички плочки дим 25/40 на отворена фуга 2мм лепени со лепак за плочки | м2 | 113,20 | 1,071.89 | 121,337.95 | 21,840.83 |
| 6.2 | Набавка,транспорт и вградување на подни керамички плочки 33/33 на отворена фуга 2мм | м2 | 51,67 | 1,071.89 | 55,384.56 | 9,969.22 |
| **7** | **ПАРКЕТАРСКИ РАБОТИ** | | | | | |
| 7.1 | Стабилизирање на одлепен паркет поново лепење на истиот со лепак за паркет 20% од вк површина | м2 | 27,76 | 902.64 | 25,057.29 | 4,510.31 |
| 7.2 | Стругање китирање и лакирање стар паркет | м2 | 138,80 | 338.49 | 46,982.41 | 8,456.83 |
| 7.3 | Демонтажа на стари ќош лајсни и монтажа нови паркетни лајсни | м1 | 141,00 | 203.09 | 28,635.69 | 5,154.42 |
| **8** | **МОЛЕРОФАРБАРСКИ РАБОТИ** | | | | | |
| 8.1 | Набавка ,транспорт глетовање и молерај,ѕидови и плафони | м2 | 1339,00 | 163.60 | 219,060.40 | 39,430.87 |
| 8.2 | Боење на фасада со фасадна боја ю избор на инвеститорот | м2 | 260,00 | 107.19 | 27,869.40 | 5,016.49 |
| **9** | **КРОВОПОКРИВАЧКИ РАБОТИ** | | | | | |
| 9.1 | Проверка на дрвена конструкција од кровот и доколку има потреба да се замени со нова до 10% од вкупната површина | м2 | 72,87 | 1,128.30 | 82,219.22 | 14,799.46 |
| 9.2 | Патосирање на кровна конструкција со даски или ОСБ иверици д=2цм | м2 | 243,20 | 676.98 | 164,641.54 | 29,635.48 |
| 9.3 | Поставување тер хартија врз дасчана плата | м2 | 243,20 | 56.42 | 13,721.34 | 2,469.84 |
| 9.4 | Поставување на штрафни 5/8 врз патосиран кров од даски | м | 665,00 | 67.69 | 45,013.85 | 8,102.49 |
| 9.5 | Поставување на тервол д=5цм тврдо пресован помеѓу штрафни 55/8 врз дасчана оплата | м2 | 243,20 | 169.25 | 41,161.60 | 7,409.09 |
| **10** | **ЛИМАРСКИ РАБОТИ** | | | | | |
| 10.1 | Покривање на кров со реброван пластифициран лим д=0,6мм | м2 | 243,20 | 406.19 | 98,785.41 | 17,781.37 |
| 10.2 | Поставување хоризонтални олуци р.ш90 цм комплет со држачи и споен матријал | м | 38,50 | 485.17 | 18,679.05 | 3,362.23 |
| 10.3 | Поставување на вертикални олуци р.ш 51цм комплет со држачи со поен | м | 45,00 | 485.17 | 21,832.65 | 3,929.88 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | матријал | | | | | |
| 10.4 | Опшивање стреа од пл.лим 0,6мм ситно реброван | м | 35,64 | 338.49 | 12,063.78 | 2,171.48 |
| 10.5 | Поставување на снегобрани р.ш 31цм | м | 35,40 | 338.49 | 11,982.55 | 2,156.86 |
| 10.6 | Поставување ветерлајсни р.ш 35 цм и слемиња | м | 41,70 | 338.49 | 14,115.03 | 2,540.71 |
| 10.6 | Опшивање на оџаци | ком | 4 | 564.15 | 2,256.60 | 406.19 |
| 10.7 | Изработка и монтажа на потпрозорни банци р.ш 25цм | м | 53,11 | 451.32 | 23,969.61 | 4,314.53 |
| **11** | **ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА** | | | | | |
| 11.1 | Набавка ,транспорт и монтажа на кабел PPY 3x1,5mm2 за осветлување на санитарни јазли ,скалишен простор и ходници | м | 150,00 | 103.85 | 15,577.50 | 2,803.95 |
| 11.2 | Набавка,транспорт и монтажа на плафоњерка лед 15w/6000k ,за санитарни јазли ,скалишен простор и ходници | парче | 15,00 | 1,397.97 | 20,969.55 | 3,774.52 |
| 11.3 | Набавка ,транспорт и монтажа на арматура 1x18w t8,стрела | парче | 2,00 | 2,130.23 | 4,260.46 | 766.88 |
| 11.4 | Штемовање на шлицеви во ѕидови од малтер за инсталација на нови кабли и вклопување на постоечки кабли и нивно крпење | м | 120,00 | 199.71 | 23,965.20 | 4,313.74 |
| 11.5 | Испитување на постоечка нова инсталација и пуштање во употреба | паушал | 1,00 | 7,988.38 | 7,988.38 | 1,437.91 |
| **12** | **ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | |
| 12.1 | Набавка ,транспорт и монтажа на ППР ЦЕФКИ | | | | | |
| 12.1.2 | Ф20 | м | 16,00 | 665.70 | 10,651.20 | 1,917.22 |
| 12.1.3 | Ф25 | м | 7,00 | 798.84 | 5,591.88 | 1,006.54 |
| 12.2 | Набавка транспорт и монтажа на | | | | | |
| 12.2.1 | Вентилни пропусници ф20 | м | 2,00 | 532.56 | 1,065.12 | 191.72 |
| 12.2.2 | Вентилни пропусници ф25 | м | 2,00 | 732.27 | 1,464.54 | 263.62 |
| 12.2.3 | Ек вентил ½-3/8 | м | 8,00 | 372.79 | 2,982.32 | 536.82 |
| **13** | **ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | |
| 13.1 | Набавка ,транспорт и монтажа на цефки ПВЦ | | | | | |
| 13.2 | Ф50 | м | 5,00 | 732.27 | 3,661.35 | 659.04 |
| 13.2 | Ф100 | м | 12,00 | 1,198.26 | 14,379.12 | 2,588.24 |
| 13.2 | Топ сифон со никлована решетка ф50 | м | 4,00 | 665.70 | 2,662.80 | 479.30 |
| **14** | **САНИТАРИЈА** | | | | | |
| 14.1 | Набавка,транспорт и монтажа на вц шоља симплон комплет со вц казанче и споен матријал | парче | 4,00 | 5,325.58 | 21,302.32 | 3,834.42 |
| 14.2 | Набавка ,транспорт монтажа на умивалник 560 комплет со сифон и штафови и огледало | парче | 4,00 | 10,651.17 | 42,604.68 | 7,668.84 |
| 14.3 | Набавка,транспорт и монтажа на еднорачна стоечка славина за ладна вода | парче | 4,00 | 2,795.93 | 11,183.72 | 2,013.07 |

Вкупната цена на предметот на договорот за јавна набавка од член 1 на овој Договор изнесува **2,067,131.74 МКД** (два милиони шеесет и седум илјади сто триесет и еден денар и седумдесет и четири дени), без вклучен ДДВ.

Во вкупната цена се засметани сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 372,083.71 денари.

Вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ изнесува **2,439,215.45 МКД** (два милиони четиристотини триесет и девет илјади двеста и петнаесет денари и четириесет и пет дени).

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 4

Цената искажана во понудата на Носителот на набавката е фиксна и не е предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

## VI. НАЧИН И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 5

Носителот на набавката е должен работите предмет на договорот да ги изврши во рок од најмногу 30 дена од денот на воведување на работата, на начин определен со прописите и правилата на струката. Договорниот орган ќе го воведе Носителот на набавката во работа во рок од 5 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката е должен договорените работи да ги извршува стручно, солидно, квалитетно и совесно според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди кои важат за изведувањето на овој вид работи, постапувајќи како добар стопанственик.
Носителот на набавката е должен работите да ги изведе на таков начин што во текот на изведувањето на работите и во текот на употребата нема да дојде до нарушување на механичката отпорност, стабилност и сеизмичката заштита на објектот.
Носителот на набавката е должен да му овозможи на Договорниот орган увид над изведување на работите и да соработува со Надзорот на изведување на работи што ќе го определи Договорниот орган.
Носителот на набавката е должен да води Градежен дневник и Градежна книга при изведувањето на договорените работи кои ќе бидат потпишани од страна на Надзорот за изведување на работи.

Член 7

Носителот на набавката е должен да ги надомести сите штети на трети лица кои се предизвикани од изведувањето на работите, по негова вина.

Член 8

Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Договорниот орган, Носителот на набавката е должен:

- на погоден начин да ги обезбедува и чува изведените работи од оштетување, пропаѓање, однесување или уништување;
- да презема мерки заради обезбедување на сигурноста над изведбата на договорените работи, опремата, уредите и инсталациите, работниците, минувачите, сообраќајот, соседните објекти и околината во согласност со закон.

Член 9

По завршување на договорените работи – предмет на овој Договор , Носителот на набавката е должен да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа и да го исчисти објектот.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 10

Договорниот орган е должен по склучување на договорот, а пред започнување на работите да го извести Носителот на набавката кој е Надзорот на изведување на работи и да го воведе Носителот на набавката во работа во рокот утврден во член 5 од овој Договор, обезбедувајќи му право на пристап во објектот.

## IX. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 11

Плаќањето на работите кои се предмет на овој договор ќе се изврши во рок од најмногу 15 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул. "Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

Плаќањето работите кои се предмет на овој договор, ќе се врши по изведена ситуација.

Фактурата мора да биде придружена со записник за извршеното примопредавање на завршените работи од изведената ситуација, комплетиран со завршна пресметка на изведената ситуација и уредно потпишан од овластени лица на двете договорни страни и Надзорот на изведување на работи, а со примопредавањето на завршената-изведената реконструкција, санација и адаптација на објект (простории) во Центарот за вработување Берово потребно е Носителот на набавката да даде и изјава на за отстранување на штети и скриени маани во гарантниот период во времетраење од една година од денот на извршеното примопредавање комплетиран со завршна пресметка.

## X. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Овој договорот стапува во сила на денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни и ќе биде со времетраење од 14 месеци.

## XI. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 13

Носителот на набавката гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат маани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за редовна употреба, односно, за употребата определена со договорот.

Член 14

Гарантниот рок за квалитетот на изведените работи изнесува 12 месеци, а започнува да тече од извршенотопримопредавање на завршените - изведените работи предмет на овој Договор.

Член 15

Договорниот орган е должен за забележаните недостатоци да го извести Носителот на набавката без одлагање, а Носителот на набавката е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок.

## XII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 16

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, според условите од истиот, Носителот на набавката го гарантира со доставување на безусловна банкарска гаранција издадена од реномирана (респектабилна) банкарска институција, во висина од 10% од вредноста на договорот.

Договорниот орган може да ја наплати гаранцијата поради повреда на договорните обврски од страна на Носителот на набавката.

Доколку дојде до наплата на гаранцијата, истото ќе резултира со издавање на негативна референца за предметниот Носител на набавката, на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

Во услови на навремено и квалитетно извршување на обврските, во периодот на реализација, односно во гарантниот период, гаранцијата му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од истекот на гарантниот период.

**XIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

Член 17

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

**XIV. ВИША СИЛА**

Член 18

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**XV. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 19

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите од овој Договор само спогодбено со склучување Анекс на Договорот доколку се исполенти условите согласно член 119 од Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измените и дополнувањата на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 20

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Граѓански Суд Скопје.

Член 21

За следење на реализацијата на овој договор, Договорниот орган ги определува лицето Билјана Прачкоска, вработена кај Договорниот орган, која има задача по целосна реализација на договорот, да достави известување за реализиран договор до Одделението за јавни набавки.

Член 22

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Љупчо Димитровски
Претседател на Комисија за јавна набавка
Марија Петровска
Соработник за јавни набавки
Весна Пешова
Раководител на Сектор за правни и административни работи

Директор
Билјана Јовановска

Носител на набавката
**Друштво за управување со имоти**
**ФАСИЛИТИ МЕНАЏМЕНТ СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје**

Управител
Кире Конев